# ОДГОВОР

## на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

В.Д. Директорот на Централниот Регистар на Република Македонија на ден 25.02.2015 година до Државниот завод за ревизија достави забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – „Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Централниот Регистар на Република Македонија“, кои се заведени под архивски број 11-69/5.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на утврдените состојби во **точката 2.2.2., алинеја 1** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на констатацијата дека извештајот на комисијата не содржи преглед за материјалните (физичките) и вредносните разлики меѓу фактичката состојба на основните средства, ситниот инвентар и автогуми утврдена со пописот и нивната сметководствена состојба **се прифаќа**. Имено со доставените Забелешки се истакнува дека по спроведениот попис не се утврдени отстапувања, и такви разлики и не биле евидентирани, поради што точката 2.2.2., алинеја 1 се брише.

2. Упатената забелешка на утврдените состојби во **точката 2.2.2., алинеја 2** од Нацрт извештајот, која се однесува на констатацијата дека со пописот не се опфатени нематеријалните средства - лиценци и софтверските апликации кои ЦРРМ ги има во својата евиденција поради што не е потврдено дали сите апликации активно се користат и дали стекнатите лиценци сеуште се валидни **не се прифаќа**. Како причина е наведен фактот што како нематеријални средства на истите не може да им биде доделен инвентарен број. Субјектите од јавниот сектор пописот го организираат и спроведуваат на начин утврден со Правилник за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот (Сл. Весник на РМ 107/2011), каде согласно член 4 се опфатени и нематеријалните средства на субјектот.

3. Забелешката на утврдената состојба во **точката 2.1.3., алинеја 4** од Нацрт извештајот, кој се однесува на тоа дека ист вид на средства се водат и како ситен инвентар и како основни средства во зависност од вредноста при набавката поради фактот што ЦРРМ нема усвоено сметководствени политики како специфични принципи, правила или практики кои ќе се применуваат при проценувањето и евиденцијата на средствата и ситниот инвентар како би се обезбедило конзистентно постапување согласно законската регулатива и што ЦРРМ нема донесено политики за примена на метод на амортизација **делумно се прифаќа**, поради дополнително

доставена документација „Одлука за примена на сметководствени политики„ , која состојба ќе биде соодветно обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

4. Упатената забелешка на формулацијата на реченицата **во точката 1., пасус 2** од Нацрт извештајот, која гласи: „Во ЦРРМ во тек е фаза на сертификација на политика за управување со систем за безбедност на информации согласно меѓународниот стандард ISO 27001:2005.„ **се прифаќа** и се менува со реченицата: „Во ЦР на РМ во тек е фаза на имплементација на систем на безбедност на информации согласно меѓународниот стандард ISO 27001:2005.„

5. Упатената забелешка на утврдените состојби во **точката 2.1.1., алинеја 4** а се однесува на постапките за избор на кандидати при вработување, неспроведување на интервјуа, невоспоставена пракса на оценување, унапредување и наградување на вработените, **претставува известување** за констатираната состојба и преземените активности за усогласување на интерните акти: Статут, Правилник за организација и систематизација на работните места и колективен договор согласно Законот за Централен регистар (по најновите измени во 2015 година) и Законот за административни службеници.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

*1.*__________________________

*2.*__________________________ __________________________